Студентска работа во

# Германија



STUDY ★ WORK ★ TRAVEL ★ ENJOY
KONTEXT

@kontext_macedonia
www.kontext.mk




# СОДРЖИНА

1. 15 години Контекст
2. Услови за учество во програмата
3. Локации
4. Работни позиции
5. Корисни информации
6. Заклучок

Точно 15 години откако Контекст започна со подготовка на својата прва студентска група за нивната летна студентска работа во Германија. Оттогаш оваа програма претставува наш белег по кој сме препознатливи и мисија поради која постоиме.

Студентската работа во Германија претставува **културна размена која им овозможува на студентите преку сезонска работа, одблиску да се запознаат со германскиот начин на живот и култура,** да го подобрат германскиот јазик, стекнат прво работно искуство, како и да заработат респектабилна сума на пари. Всушност, оваа Work & Travel програма нуди шанса да бидете повеќе од туристи.



# УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМАТА

На студентска работа во Германија можат да аплицираат сите студенти до 35 години, без разлика дали се редовни или вонредни, на додипломски или постдипломски студии, а не игра улога ниту тоа дали се на државен или приватен факултет, се’ додека факултетот на кој студираат е акредитиран. Секогаш препорачуваме пред поаѓање да имате барем основно познавање на германски јазик, а доколку не научите, задолжително е разговорно ниво на англиски.

## ПРОЦЕДУРА

- Аплицирате на нашата веб страна
- Ни ја доставувате потребната документација
- Одлучуваме на која локација би работеле и испраќаме документи до ZAV
- Добивате работна дозвола која е потребна за да работите во Германија и почнувате со подготовки
- Полетувате и ја имате една од најубавите авантури во својот живот!



**„**

***Без трошоци за посредување!***



# ЛОКАЦИИ

**Контекст располага со работни места низ цела Германија!**

Имаме мали места погодни за оние кои одат првпат или едноставно сакаат мир и едноставност, а за оние авантуристи кои во сместувањето одат само на преспивање - секогаш ги чуваме големите градови. Најпопуларни локации помеѓу студентите се:

## МИНХЕН

...е третиот најголем град во Германија со 1,566,000 жители и се наоѓа во сојузната покраина Баварија. Градот изобилува со историски објекти и приказни, енормни паркови и пивници кои студентите ги обожаваат! Се разбира, и ноќниот не е за потценување, бидејќи има клубови за сечиј вкус!

## БЕРЛИН

... е главниот и убедливо најголемиот град во Германија со 3,645,000 жители. Со свој „Музејски остров“, Берлин има над 170 музеи, што го прави град со најмногу музеи во Германија, а со тоа и еден од најпривлечните градови за студентите. Секако, причина плус за тоа е и називот „Techno capital“, а студентите не ги пропуштаат најдобрите техно журки во светот додека се таму.



## ХАМБУРГ

Хамбург е вториот најголем град во Германија со едно од најголемите пристаништа во Европа, кое е нарекувано „Германската порта кон светот“. Добропознатиот дел за ноќен живот St. Pauli е виновник за најлудите ноќи кои студентите ги поминуваат тука, а следното утро може да ги најдете со „coffee to go“ на еден од 2300-те моста во Хамбург.

## КЕЛН

Центарот на готската култура во Германија и главниот град на сојузната покраина Северна Рајна-Вестфалија е секогаш посакуван предизвик од страна на студентите.
Причини за тоа се: една од најубавите катедрали во светот, која датира уште од 8-миот век, кејот покрај реката Рајна, каде ќе може да искусите секаков вид на храна, но и популарните студентски забави кои се организирани околу Универзитетот во Келн.

## ФРАНКФУРТ

Финансискиот центар на Германија, па и на Европа е секогаш помеѓу топ 5 изборот на нашите студенти.
Не е случајно што се’ почесто туристите го нарекуваат „Германскиот Њујорк“, бидејќи Франкфурт е единствениот град со облакодери во Германија, а нашите студенти секогаш уживаат во пивниците и рестораните покрај Мајна со поглед кон џунглата од висококатници.

# РАБОТНИ ПОЗИЦИИ

## РАБОТНИК ВО РОТАЦИОНЕН СИСТЕМ ВО СИСТЕМСКА ГАСТРОНОМИЈА (MCDONALD’S)

Работа во ротационен систем значи дека немате константна работна позиција низ текот на целата студентска работа, туку по потреба и план на менаџерот во текот на денот може да промените неколку позиции. Најчесто нашите студенти ги извршуваат следните активности:

- Примање нарачки на каса и drive-trough
- Комплетирање и издавања нарачки
- Подготовка на пијалоци и помфрит
- Подготовка на месо
- Гарнирање на бургерите
- Комплетирање на нарачките во кујна
- Келнер
- Одржување на хигиената во ресторанот
- Како и извршување на секоја дадена обврска од страна на претпоставениот.

## РАБОТНИК ВО ЛОГИСТИКА

Веќе 3 години како работиме со партнери од логистичката област и се’ повеќе студенти се задоволни од летото поминато работејќи таму. Работните обврски се едноставни и опфаќаат: складирање на пратките, скенирање на пратките, пакување и слично.
Мора да се напомене дека не станува за тежок физички напор и истата работна позиција можат да ја извршува и женскиот пол.

## РАБОТНИК ВО ФИРМА ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА И НЕУТРАЛИЗАЦИЈА

Откако веќе е исчистена просторијата, вие стапувате на функција со тоа што со посебни средства и опрема, за кои сте обучени како да ги искористите пред тоа, го дезинфицирате и неутрализирате објектот.

## РАБОТНИК ВО ФИРМА ЗА ЧИСТЕЊЕ

Дадени ви се објекти каде вие се грижите за хигиената по претходна обука.



# КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ

## ПЛАТА И ПРЕКУВРЕМЕНА РАБОТА

- Платата за работните позиции варира во зависност од компанијата во која ќе се вработите. Во просек платата изнесува 12-14евра/час бруто, а доколку сте заинтересирани за конкретна понуда можете да не' контактирате веднаш!

- Во најголем број од компаниите се работи 39,5 часа неделно, односно минимум 169 часа месечно. Секој изработен час над тоа најчесто се плаќа 25% повеќе, а ноќната смена 15%.



## ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

За да работите во Германија потребно е да сте осигурани уште од Македонија,
во спротивно ќе треба да плаќате здравствено осигурување таму. Германските работодавачи налагаат осигурувањето да биде без франшиза, па затоа и ние ви овозможуваме осигурување од Евроинс од само 4000 денари.

Доколку сакате истото осигурување да го набавите индивидуално од истата, или од друга осигурителна компанија би ве чинело преку 9000 денари.

**„**

***Од сите книги во светот, најубавите приказни можеме да ги најдеме во страните на пасошот.***



# ЗАКЛУЧОК

Доколку си студент и немаш повеќе од 35 години, имаш основно познавање на германски јазик или разговорно ниво на англиски, немаш план каде да го поминеш следното лето, а сакаш да се дружиш со други студенти, да се запознаеш со луѓе од целиот свет, да истражуваш нови места и да ги посетиш европските метрополи, а притоа да заработиш солидна сума на пари, тогаш следниот чекор е да аплицираш за оваа програма и да почнеш со подготовка на документите веднаш!

"

***Животот започнува на крајот од твојата комфорт зона!***